**Политика за квалитет на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

А1 Македонија е посветена на обезбедување и оддржување на највисоки нивоа на квалитет, безбедност и достапност на производите и услугите кои ги обезбедуваме за нашите корисници.

Ние, како компанија сме посветени на постојно усовршување на квалитетот и иновативноста во работењето следејќи ги следните принципи:

**Посветеност на квалитет**
Ние сме целосно одговорни за квалитетот на нашата работа и целосно сме посветени на извршување на работата најдобро што можеме давајќи максимум од нашите способности.
Ние ги имаме целосно прифатено и применето принципите на процесниот пристап на работа во нашата посветеност на усовршување, ефикасност и ефективност во работењето.

**За нашите корисници**
Ние обезбедуваме производи и услуги кои целосно ги задоволуваат и надминуваат потребите на корисниците и регулаторните институции. Ние работиме во согласност со стандардите за квалитет, поставените процеси и процедури, стандардите за безбедност и во согласност со законските процеси и регулативи.

**За компанијата и групацијата**
Ние сме посветени на постигување на планираните резултати преку зголемување на нашата корисничка база и зајакнување на нашата позиција на пазарот.

**За нашите партнери**
Ние сме целосно посветени на одржување на квалитетна деловна соработка како и поддршка на партнерските односи и очекувања на највисоко ниво.

**За нашите вработени**
Ние обезбедуваме оптимална работна средина за нашите вработени, воведуваме и имплементираме програми за обуки и ја користиме секоја можност за личен и професионален развој на вработените. Истакнувајќи дека нашите вработени се нашата најголема вредност, компанијата континуирано инвестира во градење на високо мотивиран тим кој е посветен на работата.

**За нашето општеството и животната средина**
Ние ги извршуваме нашите работни дејности со огромна општествена одговорност и во согласност со стандардите за животна околина. Голем поддржувач и учесник сме на хуманитарните настани, поддржувајќи значајни социјални и општествени каузи. Исто така, во нашето работење се интегрирани ESG стандардите.

**Континуирано подобрување**
Ние континуирано се стремиме кон зголемување на квалитетот на нашето работење преку иновации, учење, споделување и учество во програми за континуирано подобрување. Ние воведуваме и одржуваме соодветни контроли и извршуваме периодични проверки на остварувањето на целите:

- Елиминирање на сите форми на вишоци во процесите кои не донесуваат вредност за корисникот
- Креирање на компетитивни предности во сите оперативни активности
- Континуирано додавање вредност на процесите во сите аспекти на деловното работење
- Снабдување на производи и услуги со висок квалитет кои ги задоволуваат потребите на корисниците
- Навремена испорака на квалитетни сервиси кон нашите корисници
- Елиминирање на неусогласеностите во работењето
- Намалување на бројот на жалби
- Зголемување на нивото на задоволство на корисниците

Оваа Политика за квалитет ќе биде прегледувана еднаш годишно од страна на Управителите.

Скопје, август 2025

Управител
Методија Мирчев

Управител
Горан Анѓелески

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС 7068310, Тел: +389 2 3110077, e-mail: info@a1.mk